РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
Бр.-Nr. 05-1368/16
13.07.2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Трговско друштво за информатика и инжињеринг ИНФО СОФТИНГ Борис ДОО увоз-извоз
Бр. 575/23
10.07.2023 год.
Скопје

Врз основа на член 119 став 1 точка 2 од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија бр.24/2019 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 87/21) и член 19 од Договорот за набавка на услуги, број 05-1368/14 од 21.02.2023 година на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и бр. 574/23 од 20.02.2023 година, на Инфо Софт Инг ДОО Скопје за „Превентивно одржување и надградба на модуларен апликативен софтвер за трезорско работење буџетирање со јавни набавки и регистри со издадени маркици", а во врска со доставеното Барање за склучување на анекс договор бр.111-1368/15 од 16.06.2023 година на 13.07.2023 година се склучува следниот:

АНЕКС БР.1
НА
ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА УСЛУГИ

I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, со адреса: Аминта Трети 2 - Скопје, Република Северна Македонија, застапувано од министерот Љупчо Николовски (во понатамошниот текст **Нарачател**) од една страна,

и

2. Инфо Софт Инг ДОО Скопје, со седиште на Васил Ѓоргов 45 Скопје, ЕМБС 4126688 ЕДБ 4030990104345, депонент банка Комерцијална банка 300000000245058 застапувано од управителот Џејхун Али (во натамошниот текст–**Вршител на услугата**), од друга страна.

**Член 1**

Со овој Анекс бр. 1 кон Договорот за набавка на услуги „Превентивно одржување и надградба на модуларен апликативен софтвер за трезорско работење буџетирање со јавни набавки и регистри со издадени маркици", 05-1368/14 од 21.02.2023 година, се регулираат измени и дополнувања кои се однесуваат на вредноста на договорот, односно се врши измена и дополнување на Член 4 и Член 11 од основниот договор.

**Член 2**

Во член 4 од Основниот договор поради надградба на софтверот вредноста се зголемува за дополнителни 20% без пресметан ДДВ.

Согласно измената, член 4 од Основниот договор гласи:

Единечната цена на услугата за превентивно одржување на софтверот за еден месец изнесува 16.900,00 денари без вклучен ДДВ, односно 19.942,00 денари со ДДВ.

Вкупната цена на услугата од основниот Договор за превентивно одржување на софтверот вклучувајќи ги сите трошоци и попусти без ДДВ за 12 месеци изнесува 202.800,00 денари, односно 239.304,00 денари со вклучен ДДВ.

Вредноста за надградба на софтверот изнесува 40.560,00 денари без ДДВ, односно 47.860,80 денари со ДДВ.

Вкупната вредност на договорот изнесува 243.360,00 денари без ДДВ, односно 287.164,80 денари со ДДВ

**Член 3**

**Во член 11 измената гласи:**

Услугите кои се однесуваат на превентивно одржување, ќе се реализираат и наплаќаат на месечно ниво на 12 (дванаесет) еднакви месечни рати за секој изминат месец и доставена фактура во архивата на нарачателот во рок од 30 (триесет) календарски денови од денот на приемот на фактурата за извршените услуги.

За услугите за надградба на софтверот плаќањето ќе се врши еднаш во текот на времетраењето на договорот по извршена целосна надградба и по доставена фактура во архивата на договорниот орган – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 (триесет) календарски денови од денот на приемот на фактурата за извршените услуги.

Надградбата е составен дел на постоечкиот софтвер.

Фактурата за извршените услуги треба да биде придружена со работен налог, односно извештај за извршени активности потпишан со цело име и презиме од лицата определени за реализација на набавката од двете договорни страни. Фактурата за плаќање за извршената услуга се доставува на договорниот орган на следнава адреса: ул.„Аминта трети“ бр.2, 1000 Скопје.

Во случај Нарачателот да не ја плати фактурата во договорениот рок, се засметува казнена камата за задоцнето плаќање со стапка определена согласно ЗОО.

**Член 4**

Сите останати членови од Договорот остануваат непроменети и обврзувачки за двете страни.

**Член 5**

Овој Анекс бр. 1 на Договорот стапува на сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

**Член 6**

Овој Анекс бр. 1 на Договор е склучен во 6 (шест) истоветни примероци од кои 4 (четири) за Нарачателот и 2 (два) за Вршителот на услугата.

| Нарачател: | Вршител на услугата: |
| --- | --- |
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | Инфо Софт Инг ДОО Скопје |
| Министер, | Управител |
| Љупчо Николовски | Џејхун Али |

Изработил: Моника Угриновска
Мајда Ристовска
Контролирал: Лиле Симоновска
Согласен: Аница Симоновска

Прилог на Анекс договорот:

- Документација во врска со измените (член 119 став 7 од ЗЈН)